FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# Истражување за перцепции и искуства со сексуално вознемирување

**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**



Теодора Милеска
Анамарија Даневска
Ристо Савески
Деница Шошолчева
Горан Лефков
Александра Калабакова
Бојан Лазаревски

# Содржина

Клучни наоди . . . . 4
Вовед . . . . 5
Методологија . . . . 7
Дефинирање на истражувачки проблем . . . . 7
Предмет на анализа . . . . 7
Истражувачки примерок . . . . 8
Опис на примерок . . . . 8
Истражувачки цели . . . . 10
Истражувачки прашања . . . . 10
Истражувачки методи и техники . . . . 10
Истражувачки лимитации . . . . 11
Перцепција и искуство со сексуално вознемирување кај студенти . . . . 12
Перцепција за сексуално вознемирување и негови форми . . . . 12
Искуство со сексуално вознемирување од страна на врсници/колеги . . . . 13
Искуство со сексуално вознемирување од страна на вработени на факултет . . . . 15
Пријавување на сексуално вознемирување коешто се случило на УКИМ . . . . 17
Перцепција и искуство со сексуално вознемирување кај професори . . . . 22
Искуство со сексуално вознемирување на факултет . . . . 22
Пријавување на сексуално вознемирување на факултет . . . . 24
Справување со сексуално вознемирување на УКИМ . . . . 24
Добри практики . . . . 25
Препораки . . . . 26

# Клучни наоди

- Дури 47.8 % од студентите одговориле дека биле во ситуација во која биле кажувани сексуални шеги или шеги што се темелат врз родови стереотипи од страна на колега/колешка;
- Еден од пет студенти (21.3 %) биле во ситуација професор/ка да им се обрати со прекар, како: „девојче“, „злато“, „кукле“, „маче“;
- Еден од четири студенти (26.2 %) биле сведоци на споделување сексуални шеги или шеги што се темелат врз родови стереотипи од страна на професор/ка;
- На 15.6 % од студентите им било даден коментар за нивниот физички изглед, по што се чувствувале непријатно и сексуализирано;
- Дури 88.5 % од анкетираните студенти не знаат каде може да пријават сексуално вознемирување што се случило на УКИМ;
- Само 4.6 % од студентите одговориле дека пријавиле или знаат некој кој пријавил сексуално вознемирување;
- Скоро 1/4 од испитаниците (24.49 %) не биле свесни дека се случило сексуално вознемирување;
- Приближно секој петти студент (18.44 %) не пријавил сексуално вознемирување бидејќи не знаел каде може да го пријави;
- Во однос на постапувањето од страна на институцијата во случајот на сексуално вознемирување, само во еден случај испитаникот искажал позитивна разврска на суд;
- Повеќе од половина (51.8 %) од студентите одговориле дека УКИМ „не ги штити“ и „воопшто не ги штити“ студентите од сексуално вознемирување;
- Дури 56.78 % од студентките сметаат дека УКИМ воопшто не нуди заштита од сексуално вознемирување, наспроти 33.33 % од машките студенти.
- 1/5 од студентите (21.9 %) одговориле дека се потребни санкции за вршителите на сексуално вознемирување.



# Вовед

Сексуалното вознемирување не е ретка појава, но: сензитивноста на темата, ниското ниво на свест и нормализирањето на проблемот го прави сексуалното вознемирување табу-тема чие решение не е доволно достапно. Сексуалното вознемирување дефинирано како несакано внимание, физичко и/или вербално, врз жени и мажи се среќава во сите сфери на општеството, па оттука и на универзитетите.

Сексуалното вознемирување, како форма на родово базирано насилство, во образованието претставува несакана појава којашто може да претставува пречка во опсегот на образовни можности на студентите и еднаква можност за образование. Адресирањето на проблемот на сексуалното вознемирување во образованието е суштински поврзано со концептот на човекови права и унапредување на родовата еднаквост во општеството. Несаканото однесување од сексуална природа може да ја попречи способноста на студентите: да учат, проучуваат и активно да учествуваат во образовни активности, директно попречувајќи го правото да се добие еднаква можност за образование.

Соседни земји, како Србија[1], и други високоразвиени земји во Европа, меѓу кои Германија[2] и Норвешка,[3] кои веќе во своите резимеа имаат истражувања од овој тип, се основа и мотивација за започнување на ова истражување за застапеноста и разбирањето на сексуалното вознемирување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ).

Истражувањето во Србија наведува дека 30 % студенти и студентки тврдат дека се нашле во ситуација кога вработените на факултетот кажуваат шеги со сексуална содржина, ги гледаат на начин којшто ги прави да се чувствуваат непријатно, или разговорот за студирање го свртуваат кон сексуални теми – форми на однесување кои 79 % од испитаниците ги оценуваат како сексуално вознемирување. Дополнително, 50 % од испитаниците сметаат дека факултетите недоволно ги штитат студентките и студентите од сексуално вознемирување. Во таа насока, истражувањето: „Сексуално вознемирување и насилство помеѓу студенти на универзитет во Норвешка“ утврди дека 17.1 % и 3.3 % од студентките и студентите, соодветно, биле вербално малтретирани по запишувањето на универзитет. На слично ниво, 15.2 % и 4.4 % од студентките и студентите, соодветно, пријавиле: несакано допирање, гушкање или бакнување по започнување на студиите. Речиси секој четврти студент (24.2 %) пријавил доживотно сексуално вознемирување во некоја

[1] *Milica Resanović Istraživanje O Praksama Za Prijavljivanje Seksualnog Uznemiravanja Na Fakultetima U Srbiji*. https://akademska-masa.org/wp-content/uploads/2021/06/Studija-Istrazivanje-o-praksama-za-prijavljivanje-seksualnog-uznemiravanja-na-fakultetima-u-Srbiji-autorka-Milica-Resanovic-.pdf (September 20, 2022).

[2] Sexual Violence and Harassment against Female Students in Germany Katrin List. https://www.vittimologia.it/rivista/articolo_list_2013-02.pdf (September 20, 2022).

[3] Sivertsen, Børge et al. 2019. “Sexual Harassment and Assault among University Students in Norway: A Cross-Sectional Prevalence Study.” BMJ Open 9(6): e026993. https://bmjopen.bmj.com/content/9/6/e026993 (September 20, 2022).

форма, додека еден од шест студенти (16.7 %) пријавил дека бил сексуално вознемируван во текот на претходната година. Истражувањето во Германија е засновано врз 10.264 интервјуа со жени на возраст од 16 до 85 години. Меѓу нив, 81 % доживеале доживотно сексуално вознемирување, од кои 54.7 % се изјасниле дека доживеале сексуално вознемирување за време на студиите на факултет. Покрај тоа, 42.5 % биле жртва на демнење во текот на својот живот, од што 22.8 % пријавиле дека тоа се случило додека биле студентки.

Ова истражување е прво од ваков вид во нашата држава затоа што, пред сè, во фокус го става токму сексуалното вознемирување во високото образование, но и заради тоа што самото истражување е спроведено од страна на студенти. Истражувањето на перцепциите и искуствата на студентите со сексуално вознемирување претставува важен чекор во насока на унапредување на човековите права и родовата еднаквост, особено во однос на обезбедување еднакви можности и недискриминација во образовните институции.

Досегашната правна рамка, со Законот за спречување и заштита од дискриминација, само го препознава сексуалното вознемирување по дефиниција: „Било каков облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“ и уредува начини на пријавување и заштита[4], меѓутоа примената на Законот е многу слаба.

Покрај долгогодишно застапување на невладини организации и препораки од меѓународни тела, сексуалното вознемирување и други форми на родово засновано насилство не се предвидени во Кривичниот законик.

Во Етичкиот кодекс на УКИМ, во членот 14: „Се забранува секаква форма на вознемирување меѓу членовите на академската заедница“[5]. Дополнително, став 3 од член 11 е посебно посветен на сексуалното вознемирување, во кој стои: „Неприфатливо е секакво сексуално вознемирување како форма на вознемирување што се карактеризира со неприфаќање или одбивање од другата страна, вклучувајќи повторено несакано упатување вербални или физички предлози од сексуална природа кон друго лице, физичко напаствување, повторено несакано изнесување на шеги и забелешки со сексуална конотација, вклучувајќи и упатување на полот и сексуалната ориентација, потсмевање и исмевање со сексуална конотација, изложување на сексуално навредлив и вознемирувачки материјал и барање сексуални услуги во замена за одредено постапување или непостапување од позиција на авторитет“[6].

Клучните наоди од истражувањето не само што ќе бидат од огромна корист за: студентите, раководството на универзитетите и генералната јавност, туку тие можат да послужат во процесите на креирање на јавни политики, од институции и државни органи, кои конкретно ги таргетираат младите лица, особено младите во високообразовниот процес.

Оттука, неопходна е потребата за спроведување на ваков тип истражување со цел добивање првични емпириски податоци за сексуалното вознемирување во образовните институции и идентификување на состојбите заради спречување и ефикасно справување со истите.

[4] „Службен весник на РСМ“, бр. 258 од 30.10.2020 година, „Закон за спречување и заштита од дискриминација“.

[5] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. 2021. Универзитетски гласник. https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf

[6] Ibid.

# Методологија

## Дефинирање на истражувачки проблем

Сексуалното вознемирување е присутно на УКИМ, за ова сведочи и пресудата за случајот „Еразмус“, кога професори беа осомничени за злоупотреба на положбата, односно за изнудување на сексуални услуги од страна на студентки. Случајот кулминираше со затворска казна од две години за професорот за примање поткуп, а добил и забрана за вршење на професорска дејност во времетраење од десет години.[7] Дополнително, во 2020 година режисерката Драгана Гунин собра и објави лични сведоштва од студентки кои биле уценувани и вознемирувани од страна на професори во склоп на проектот: „Приказни коишто треба да ги слушнете“[8]. Ова се само мал број примери коишто ѝ се достапни на јавноста за присутноста на сексуалното вознемирување во високото образование.

Меѓутоа, искуствата и перцепциите за истото се теми коишто не се доволно истражувани и за коишто не се говори јавно. Како што беше спомнато, ова истражување претставува прво од ваков тип и истото се фокусира на студентите на додипломски студии на УКИМ и на нивното искуство со сексуалното вознемирување – степенот на свесност и препознавање, како и информираност за начините за пријавување. Дополнително, со цел креирање на целосната слика за состојбата со сексуално вознемирување на УКИМ, беше спроведено и пополнување на е-интервју од страна на професорите и нивното искуство како вработени во УКИМ.

## Предмет на анализа

Предмет на анализа во ова истражување претставува утврдување на искуството, поимањето и перцепцијата на студентите на додипломски студии при УКИМ во врска со сексуалното вознемирување. Анализата го вклучува: степенот на застапеност на сексуалното вознемирување на УКИМ, на кои факултети, дали постои разлика врз родова основа и кај кои етнички групи е најзастапено. Важен дел од оваа анализа е перцепцијата на студентите, како и нивното поимање и препознавање на различните форми на сексуалното вознемирување. Дополнително, анализата

[7] Филиповска, Славица. 2020. „Затвор за професорите од Економски кои барале пари и секс за оценка.” *360* степени https://360stepeni.mk/zatvor-za-profesorite-od-ekonomski-koi-barale-pari-i-seks-za-otsenka/?fbclid=IwAR3WJzL2rmXaFh-V9XbnwuajR0pY2ywUZYa56ShogLbef7g76t2jZ-8gZD1U

[8] Радио МОФ. 2020. „Приказни кои треба да ги слушнете, од студентки уценувани и вознемирувани од професори.” Радио МОФ. https://www.radiomof.mk/prikazni-koi-treba-da-gi-slushnete-od-studentki-ucenuvani-i-voznemiruvani-od-profesori/

вклучува и покажува колку, всушност, студентите се запознаени со постојните инструменти за пријавување на сексуално вознемирување во образовниот процес.

Покрај перцепцијата и искуството на студентите, предмет на анализа во склоп на овој прашалник е и искуството на професори со сексуалното вознемирување, како и пријавување на истото. На овој начин, покрај студентите, добивме увид и за искуството на професорите, како и нивни препораки за превенирање на сексуално вознемирување на УКИМ.

## Истражувачки примерок

За потребите на истражувањето е дизајниран стратифициран-квотен репрезентативен примерок, при што истражувачка таргет група се активни студенти запишани на прв циклус на универзитетски студии на УКИМ, на сите единици кои реализираат настава од овој циклус студии, во сите академски години, пропорционално застапени според род. Користени се податоци објавени на веб страницата на Државниот завод за статистика на Северна Македонија за студентите на УКИМ во учебната 2020/2021 година.[9]

УКИМ е избран за единица на анализа бидејќи е најстар и најголем универзитет во земјата и се наоѓа во главниот град Скопје, како: економски, образовен и културен центар, со најразновидна популација. Дополнителна оправданост е и гореспоменатиот случај „Еразмус".

Големината на примерокот е пресметана според формула, со маргинална грешка 5 %, а ниво на доверба 95 %. Големината на вкупната истражувачка популација е 22.489 и оттаму големината на предвидениот истражувачки примерок е N=585.

Сепак, ова истражување не успеа да го постигне предвидениот истражувачки примерок од 585 испитаници заради истражувачки лимитации кои се наведени подоцна во текстот, вкупниот број на испитаници беше N=347 (59.32 % response rate). Затоа, финалниот примерок за анализа на податоците може да се смета за пригоден.

## Опис на примерок

### Истражување за студенти

Според демографските белези примерокот е составен од 277 (79.8 %) испитаници од женски пол и 70 (20.2 %) од машкиот пол. Најголем број од испитаниците се со македонска етничка припадност (94.2 %), понатаму се застапени: албанската етничка припадност, со 1.7 %, турската етничка припадност, со 0.3 %, Роми, со 0.6 % и Власи, со 0.3 %.

Според статусот на студирање, редовно или вонредно, 97.7 % од испитаниците се редовни студенти на некој од факултетите при УКИМ, само 2.3 % од примерокот се вонредни студенти.

Во однос на годините на студии, испитаниците се распоредени на следниов начин: 67 (19.3 %) испитаници се од прва година; 49 (14.1 %) од втора година; 105 (30.3 %) од трета година; 99 (28.5 %) од четврта година. Исто така, кај факултетите со повисоки години, има 18 (5.2 %) испитаници од петта година и 9 (2.6 %) од шеста година.

[9] Државен завод за статистика, Соопштение број http://2.1.22.28/, 2021 https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/2.1.21.25_mk.pdf

| Година на студии | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| I | 67 | 19.3 |
| II | 49 | 14.1 |
| III | 105 | 30.3 |
| IV | 99 | 28.5 |
| V | 18 | 5.2 |
| VI | 9 | 2.6 |

**Табела 1**

Според единицата при УКИМ, на која студентите студираат, распределбата е следна: најголем број од испитаниците, 52 (15 %), се од Филозофскиот факултет, на второ место се наоѓа ФИНКИ, со 45 (13 %), па Медицинскиот факултет, со 11.2 %. Целосната распределба на испитаниците во однос на единицата на којашто припаѓаат е во табелата во прилог.

| Факултет | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Филозофски | 52 | 15 |
| ФИНКИ | 45 | 13 |
| Медицински | 39 | 11.2 |
| Филолошки | 30 | 8.6 |
| Правен | 29 | 8.4 |
| Економски | 26 | 7.5 |
| Машински | 24 | 6.9 |
| Архитектонски факултет | 17 | 4.9 |
| ФЕИТ | 17 | 4.9 |
| ПМФ | 13 | 3.7 |
| Педагошки | 11 | 3.2 |
| ФМУ | 8 | 2.3 |

| Факултет | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Фармацевтски | 7 | 2 |
| ТМФ | 6 | 1.7 |
| Градежен | 5 | 1.4 |
| Ветерина | 3 | 0.9 |
| ФЛУ | 3 | 0.9 |
| ДИФ | 3 | 0.9 |
| Стоматолошки | 2 | 0.6 |
| Дизајн | 2 | 0.6 |
| Земјоделски | 2 | 0.6 |
| Шумарски | 2 | 0.6 |
| Драмски | 1 | 0.3 |

**Табела 2**

## Истражување за професори

Е-интервјуто беше споделено со 24 професори од факултетите при УКИМ, како типични претставници на наставно-научниот кадар. Вкупниот број на испитаници во овој дел од истражувањето е N=9, односно одговориле само 34.6 % од професорите. И покрај тоа што интервјуто беше споделено и со професори од машки род, интересно е да се спомене дека сите испитаници кои го пополниле прашалникот се од женски род.

## Истражувачки цели

Општа истражувачка цел е да се утврди перцепцијата и искуството на студентите и професорите при УКИМ во однос на сексуалното вознемирување.

Споредните истражувачки цели се:

- Да се утврдат најчести форми на сексуално вознемирување на УКИМ;
- Да се утврди дали студентите ги препознаваат формите на сексуалното вознемирување;
- Да се утврди дали има разлики во: перцепцијата, поимањето, искуството и информирањето за сексуалното вознемирување според родовата припадност;
- Да се утврди дали има разлики во сексуалното вознемирување од аспект на позициите на авторитет на факултетите;
- Да се утврди степенот на пријавување на сексуалното вознемирување кај студенти и професори;
- Да се утврди дали студентите се запознаени за постојните инструменти за пријавување на сексуално вознемирување;
- Да се утврди исходот од пријавените случаи кај студенти и професори.

## Истражувачки прашања

Главното истражувачко прашање гласи: „Каква е перцепцијата и искуството на студентите и професорите при УКИМ во однос на сексуалното вознемирување?“

Како споредни истражувачки прашања се истакнуваат следните:

- Кои форми на сексуално вознемирување се најчести?
- Дали студентите препознаваат форми на сексуално вознемирување?
- Дали лицата со позиција на авторитет е поверојатно да бидат сторители на сексуално вознемирување?
- Дали жртвите/сведоците го пријавуваат сексуалното вознемирување?
- Каде жртвите/сведоците го пријавуваат сексуалното вознемирување?
- Каков е исходот од пријавените случаи?

## Истражувачки методи и техники

Истражувањето се базира врз комбинација од квантитативни и квалитативни истражувачки методи и техники со анализа на примарни и секундарни податоци. За собирање на податоците се искористени следниве методи/техники: преглед на литература, анализа на содржина на национална и организациска документација, анкета и е-интервју.

Анкетниот прашалник за студенти, наменски креиран за целите на конкретното истражување, е составен од следните тематски целини:

- Демографски прашања;
- Перцепција за сексуално вознемирување и неговите форми;
- Искуство и последици од сексуално вознемирување;
- Пријавување на сексуално вознемирување на УКИМ.

Анкетниот прашалник е составен од 33 прашања од комбиниран вид. За дистрибуција на прашалникот е користена онлајн платформата Google Forms.

Споделувањето на анкетниот прашалник се одвиваше преку претставници на факултетските студентски собранија и студентски и младински организации, како и преку споделување на социјалните мрежи – Facebook и Instagram (со спонзорирани објави). Анкетата беше објавена на 21 март 2022 година и беше отворена за собирање на одговори до 10 јуни 2022 година. Бројот на вкупно пополнети анкети за тој период е 350.

Интервјуто за професори е полуструктурирано и составено од следните тематски целини:

- Искуство со сексуално вознемирување на факултетот;
- Пријавување на сексуално вознемирување на факултетот;
- Препораки што треба да направи УКИМ за превенција од сексуално вознемирување.

Интервјуто е составено од 8 отворени прашања и 3 потпрашања. За дистрибуција се користеше платформата Google Forms, како и со покана преку е-маил. Интервјуто беше споделено директно со професорите во период од 19 јули до 15 септември 2022 година. Бројот на вкупно реализирани интервјуа е 9.

## Истражувачки лимитации

Сензитивноста и деликатноста на темата бара специфична внатрешна мотивација за пополнување од страна на потенцијалните испитаници, што беше предизвик и поттик за студентите. Но, во исто време, анкетата наиде и на тешкотии да се сподели преку официјални медиуми за комуникација во академската средина. Ова го потврдува фактот што сексуалното вознемирување сè уште е табу-тема во јавниот дискурс.

Иако анонимноста беше гарантирана во текот на истражувањето, сепак самата тема поттикна загриженост во однос на поврзување со идентитетот на студентите и професорите, при што дел од нив одбија да одговорат или, пак, даваа социјално пожелни одговори.

Поради пандемијата со Ковид-19 во последните две години наставата се одвиваше онлајн, без физичко присуство. Тоа резултираше со немање на директен контакт со академската средина, што претставуваше дополнителна бариера во собирањето на податоците.



# Перцепција и искуство со сексуално вознемирување кај студенти

## Перцепција за сексуално вознемирување и негови форми

Првиот сет на прашања коишто подетално навлегуваат во тематиката се посветени на перцепцијата на испитаниците за тоа што, всушност, претставува сексуалното вознемирување, како и препознавање на неговите форми.

Првото прашање од овој одделен сегмент на истражувањето е отворено прашање, односно на испитаниците им е дадена слобода произволно да го дефинираат значењето на сексуалното вознемирување. Зборовите што доминираат во одговорите се „присилно” и „непосакувано однесување”, коишто укажуваат на запознатоста на субјектите со темата.

Во следните прашање е застапена ординалната скала каде на испитаниците им се понудени неколку изјави за коишто треба да ја изразат својата согласност (1 претставува: воопшто не се согласувам, додека, пак, 4 претставува: целосно се согласувам).

Изјавата којашто вели: „Непосакуваните допири, непосакуваните прегратки и непосакуваното бакнување претставуваат сексуално вознемирување“, има висок процент на целосно согласување. Имено: 282 (80.6 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 52 (14.9 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 11 (3.1 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 5 (1.4 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

Процентот на целосно согласување значително се намалува во следната изјава, која гласи: „Обраќањето со зборовите, како: „девојче“, „злато“, „кукле“, „маче“, претставува сексуално вознемирување“, односно 150 (42.9 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 108 (30.9 %) од

испитаниците делумно се согласуваат, 63 (18 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 29 (8.3 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

На изјавата: „Кажувањето сексуални шеги или шеги коишто се темелат врз родови стереотипи претставува сексуално вознемирување“, 175 (50 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 96 (27.4 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 50 (14.3 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 29 (8.3 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

Во таа насока, следната изјава гласи: „Упатување коментари поврзани со физичкиот изглед претставува сексуално вознемирување“, кога 169 (48.3 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 98 (28 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 67 (19.1 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 16 (4.6 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

Дополнително на ова е составена и наредната изјава која вели: „Континуираното зјапање претставува сексуално вознемирување“. Оттука: 181 (51.7 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 91 (26 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 60 (17.1 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 18 (5.1 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

Испитаниците, речиси, се едногласни во следата изјава, која гласи: „Барањето сексуална услуга во замена за одредени придобивки или успех (на факултет) претставува сексуално вознемирување“. Најголем процент, односно 338 (96.6 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 6 (1.7 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 3 (0.9 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 3 (0.9 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

Слични се и одговорите во последната изјава од овој сет на прашања, која вели: „Добивање мејлови или пораки со експлицитна сексуална содржина претставува сексуално вознемирување“, односно 333 (95.1 %) од испитаниците целосно се согласуваат, 11 (3.1 %) од испитаниците делумно се согласуваат, 1 (0.3 %) од испитаниците делумно не се согласуваат и 5 (1.4 %) од испитаниците воопшто не се согласуваат.

## Искуство со сексуално вознемирување од страна на врсници/колеги

Следниот сет на прашања е наменет за истражување на искуството на студентите со сексуално вознемирување од страна на врсници или колеги. Прашањата се формулирани на начин испитаниците да одговорат со ДА или НЕ, во зависност од тоа дали некогаш биле во претставената ситуација.

На прашањето дали некогаш се соочиле со непосакувани: допири, гушкање или бакнување од страна на колега/колешка, 17.3 % од студентите одговориле со да, во споредба со 82.7 % од студентите кои никогаш не биле во таква ситуација.

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| **Да** | 60 | 17.3 |
| **Не** | 287 | 82.7 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 3**

За разлика од тоа, процентот на студенти кон кои колега/колешка се обратил со прекар, како: „девојче“, „злато“, „кукле“, „маче“, е повисок и изнесува 35.5 % од испитаниците. Дополнително, 47.8 % од студентите одговориле дека биле во ситуација во којашто биле кажувани сексуални шеги или шеги коишто се темелат врз родови стереотипи од страна на колега/колешка.

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| **Да** | 166 | 47.8 |
| **Не** | 181 | 52.2 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 4**

На прашањето: „Дали некогаш сте биле во ситуација ваш колега/колешка да ви даде коментар за вашиот физички изглед, по што сте се чувствувале непријатно и сексуализирано“, 26.5 % од студентите одговориле со да. Бројот на студенти коишто се нашле во ситуација нивен колега/колешка да ги гледаат или нив или нивното тело на начин да се чувствуваат непријатно е сличен, односно претставува 25.9 %.

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| **Да** | 90 | 25.9 |
| **Не** | 257 | 74.1 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 5**

За разлика од тоа, 2.9 % од студентите биле во ситуација колега/колешка да им побара сексуална услуга во замена за одредени придобивки или успех, додека 6.6 % добиле несакани сексуално експлицитни мејлови или пораки.

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| **Да** | 23 | 6.6 |
| **Не** | 324 | 93.4 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 6**

Овој сет на прашања вклучуваше и едно отворено прашање со коешто студентите беа во можност да споделат повеќе за ситуацијата. Од добиените одговори, студентите мислат дека сексуалните шеги или допири се во ред во одредени ситуации, како, на пример, кога станува збор за колеги од ист пол. Ова дополнително укажува на непознавањето на законската регулатива од страна на студентите, која нагласува дека сексуално вознемирување е било каков облик на несакано: вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа.

## Искуство со сексуално вознемирување од страна на вработени на факултетот

Во продолжение нè интересира искуството на студентите со сексуално вознемирување од страна на вработените на факултетот. Следниот сет на прашања е дизајниран врз ист принцип како претходните, со дополнителни две прашања за тоа дали и како сексуалното вознемирување влијаело на жртвата.

Првото прашање се однесува на тоа дали студентите биле во ситуација професор/ка или друго лице вработено на факултетот непосакувано да ги: допира, гушка или бакнува – потврдно одговориле по е-мејл 4.9 %.

Сепак, 21.3 % од студентите биле во ситуација професор/ка да им се обрати со прекар, како: „девојче“, „злато“, „кукле“, „маче“. Сличен е процентот на студенти во чие присуство се кажувале сексуални шеги или шеги што се темелат врз родови стереотипи од страна на професор/ка или друго лице вработено на факултетот, односно изнесува 26.2 % од испитаниците.

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| **Да** | 91 | 26.2 |
| **Не** | 256 | 73.8 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 7**

Дополнително, на 15.6 % од студентите им било дадено коментар за нивниот физички изглед, по што се чувствувале непријатно и сексуализирано, додека 18.4 % биле гледани  на начин да се чувствуваат непријатно.

| | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 64 | 18.4 |
| **Не** | 283 | 8136 |
| **Вкупно** | 347 | 100 |

**Табела 8**

За разлика од тоа, 1.7 % од студентите биле во ситуација професор/ка или друго лице вработено на факултетот да им побара сексуална услуга во замена за одредени придобивки или успех. Со други зборови, 98.3 % од студентите на ова прашање одговориле со не.

Во таа насока, на прашањето: „Дали некогаш сте биле во ситуација професор/ка или друго лице вработено на факултетот да ви испраќа несакани сексуално експлицитни е-мејлови или пораки коишто ве прават да се чувствувате непријатно“, само 2 % одговориле со да.

Следните две прашања се во врска со влијанието што го имало сексуалното вознемирување врз жртвата и нивните студии. Од 347 испитаници, 222 (64 %) сметаат дека не биле жртва на сексуално вознемирување, додека 7 студенти (2.0 %) не одговориле на прашањето. Од останатите 118 студенти, 4.3 % одговориле дека сексуалното вознемирување немало никакво влијание врз нив, 10.7 % одговориле дека имало минимално влијание. Најголем дел од оваа група испитаници (11.5 %) одговориле дека имало очигледно влијание, додека 7.5 % сметаат дека искуството потполно влијаело врз нив и нивните студии.




**Табела 9**

На прашањето како тоа искуство влијаело врз жртвата и текот на студиите, 70 % или 243 од студентите сметаат дека не биле жртва на сексуално вознемирување, или го немаат одговорено прашањето. Од преостанатите 104 испитаници, 22.2 % наведуваат дека се чувствувале неудобно во присуство на сторителот, додека 2.9 % избегнувале предавања. Дополнително, 2.3 % размислувале за прекинување на студиите или откажување од насоката, додека 1.2 % забележале намален успех, а 1.4 % одговориле дека сексуалното вознемирување имало друго влијание врз нив.

| | % |
|---|---|
| Предизвикување чувство на неудобност во присуство на сторителот | 22.2 |
| Избегнување на предавања | 2.9 |
| Размислување за прекинување на студиите или менување на факултетот/насоката | 2.3 |
| Намален академски успех | 1.2 |
| Друго | 1.4 |

**Табела 10**

## Пријавување на сексуално вознемирување коешто се случило на УКИМ

Непријавувањето случаи на сексуално вознемирување е проблем на глобално ниво. Затоа сетот на прашања од последниот дел од прашалникот е наменет за испитување на пријавувањето на сексуално вознемирување што се случило на УКИМ, како и факторите коишто влијаат врз истото.

Според анализата на податоците добиени на скалата за мерење на безбедноста на факултетот, просечната оцена за безбедноста на сопствениот факултет на скала од 1 до 4, каде 1 значи воопшто не се чувствувам безбедно, а 4 значи се чувствувам сосема безбедно, претставува 3.1.

| Оцена | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| 1 | 8 | 2.3 |
| 2 | 68 | 19.8 |
| 3 | 133 | 38.8 |
| 4 | 134 | 39.1 |

**Табела 11**

Највисока оцена за безбедност – 4 имаат: Стоматолошкиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ и Факултетот за драмски уметности. Додека Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер и Педагошкиот факултет ја имаат најниската оцена за безбедност, односно 2.5.

| Факултет | Оцена (N) | | | | Средна оцена |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | |
| Стоматолошки | 0 | 0 | 0 | 2 | **4.0** |
| Драмски | 0 | 0 | 0 | 1 | **4.0** |
| Земјоделски | 0 | 0 | 0 | 2 | **4.0** |
| Шумарски | 0 | 0 | 0 | 2 | **4.0** |
| Ветерина | 0 | 0 | 1 | 2 | **3.7** |
| ФЛУ | 0 | 0 | 1 | 2 | **3.7** |
| Архитектонски факултет | 0 | 3 | 4 | 10 | **3.4** |
| Машински | 0 | 4 | 7 | 13 | **3.4** |
| ФИНКИ | 1 | 4 | 18 | 22 | **3.4** |
| Филолошки | 0 | 4 | 11 | 14 | **3.3** |
| Градежен | 0 | 1 | 1 | 2 | **3.3** |
| ФЕИТ | 0 | 3 | 7 | 7 | **3.2** |
| Фармацевтски | 0 | 1 | 4 | 2 | **3.1** |
| Филозофски | 0 | 12 | 21 | 17 | **3.1** |
| Правен | 1 | 6 | 12 | 10 | **3.1** |
| ДИФ | 0 | 1 | 1 | 1 | **3.0** |
| Економски | 1 | 8 | 8 | 9 | **3.0** |
| Медицински | 1 | 9 | 21 | 8 | **2.9** |
| ФМУ | 1 | 1 | 4 | 2 | **2.9** |
| ПМФ | 0 | 6 | 4 | 3 | **2.8** |
| ТМФ | 1 | 1 | 3 | 1 | **2.7** |
| Педагошки | 2 | 3 | 4 | 2 | **2.5** |
| Дизајн | 0 | 1 | 1 | 0 | **2.5** |

**Табела 12**

На прашањето: „Колку се чувствувате безбедно на вашиот факултет“, најголем број од студентите, односно 76.9 %, одговориле дека се чувствуваат безбедно. Само 2.3 % од сите испитаници

одговориле дека воопшто не се чувствуваат безбедно на нивниот факултет. Она што е интересно да се забележи е дека сите испитаници кои одговориле дека воопшто не се чувствуваат безбедно на нивниот факултет, се женски испитаници.

| | | Оцена (N) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | вкупно |
| Род | машки | 0 | 6 | 22 | 42 | 70 |
| | женски | 8 | 62 | 111 | 92 | 273 |
| | вкупно | 8 | 68 | 133 | 134 | 343 |

**Табела 13**

Во однос на пријавување на сексуалното вознемирување што се случило на УКИМ, податоците покажуваат дека дури 88.5 % од анкетираните студенти не знаат каде може да пријават сексуално вознемирување што се случило на УКИМ. Студентите кои одговориле дека знаат каде може да се пријави сексуално вознемирување што се случило на УКИМ (10.7 %), како најчести одговори ги посочуваат: Студентскиот правобранител (61.1 %), Деканатот на факултетот (22.2 %), МВР (5.5 %) и Просветниот инспекторат (5.5 %).




**Табела 14**

Најголем процент од испитаниците, односно 94.5 %, одговориле дека немаат пријавено сексуално вознемирување што се случило на УКИМ. Само 4.6 % од студентите одговориле дека пријавиле, или знаат некој кој пријавил сексуално вознемирување.

Во продолжение нè интересираат причините за непријавување на сексуално вознемирување. Најголем број од студентите (61.38 %) се изјасниле дека никогаш не биле жртва или, пак, сведок на сексуално вознемирување, затоа и не можеле да пријават. Скоро 1/4 од испитаниците (24.49

%) не биле свесни дека се случило сексуално вознемирување. Приближно секој петти студент (18.44 %) не пријавил сексуално вознемирување бидејќи не знаел каде може да го пријави. Како останати причини за непријавување на сексуално вознемирување се: страв (7.2 %), срам (3.45 %), притисок од сторителот (1.44 %) и притисок од средината (3.17 %).

Следниот сет на прашања беше наменет за оние кои имаат искуство со пријавување на сексуално вознемирување. Вкупниот број на испитаници кои пријавиле или, пак, знаат некој кој пријавил сексуално вознемирување, е 16. На прашањето каде го пријавиле случајот на сексуално вознемирување, најголем број од студентите одговориле во: МВР (31.25 %), Студентски правобранител (25 %) и Деканат (25 %). Како останати одговори се среќаваат: невладина организација (12.5 %), раководител на програма (6.25 %), Народен правобранител (6.25 %) и Ректорат (6.25 %).

Во однос на постапувањето од страна на институцијата во случајот на сексуално вознемирување, само во еден случај испитаникот искажал позитивна разврска на случајот на суд. Во дури половина од пријавените случаи на сексуално вознемирување не било постапено од страна на институцијата во која пријавиле. Испитаниците споделиле дека не биле сфатени сериозно од страна на институцијата која сметала дека не може никако да им помогне или, пак, со години нема никаков одговор на пријавата.

Следна тема на интерес беше проценката на студентите во однос на заштитата од сексуално вознемирување што УКИМ им ја нуди. Во најголем процент, односно дури 51.8 % од студентите одговориле дека УКИМ не ги штити, и воопшто не ги штити студентите од сексуално вознемирување. Наспроти ова, само 15.3 % сметаат дека УКИМ овозможува заштита на своите студенти.

При подлабока статистичка анализа се покажа статистички значајна разлика во одговорите од аспект на род. Односно, дури 56.78 % од студентките сметаат дека УКИМ воопшто не нуди заштита од сексуално вознемирување, наспроти 33.33 % од машките студенти. Дури 24.28 % од машките студенти сметаат дека УКИМ ги штити студентите од сексуално вознемирување. Значително е помал процентот на студентки (13.18 %) кои сметаат дека УКИМ ги штити студентите од сексуално вознемирување.

| | | Оцена | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | % | 2 | % | 3 | % | 4 | % | 5 | % | Вкупно |
| **Род** | машки | 10 | **14.29** | 15 | **21.43** | 28 | **40.00** | 14 | **20.00** | 3 | **4.29** | 70 |
| | женски | 75 | **27.47** | 80 | **29.30** | 82 | **30.04** | 28 | **10.26** | 8 | **2.93** | 273 |
| | вкупно | 85 | **24.78** | 95 | **27.70** | 110 | **32.07** | 42 | **12.24** | 11 | **3.21** | 343 |

**Табела 15**

Во следното прашање беше побарано од студентите да споделат мерки кои нивните факултети и универзитет треба да ги преземат за превенција од сексуално вознемирување.

Најголем дел од студентите (дури 21.9 %) одговориле дека се потребни санкции за вршителите на сексуално вознемирување. Понатаму, дури 19.8 % од студентите се изјасниле за потребата од активности за издигнување на свеста за постоење и препознавање на сексуалното вознемирување. Посочено беше дека е потребно креирање на јавни кампањи за издигнување на свеста,

како и информирање на студентите за нивните права и механизмите за пријавување на сексуално вознемирување на УКИМ.

Следната мерка којашто дури 19.3 % од студентите ја охрабруваат е креирањето на: функционален, транспарентен и анонимен механизам за пријавување на сексуално вознемирување и заштита на жртвите од сексуално вознемирување. Токму транспарентноста и анонимноста беа неколку пати потенцирани во одговорите со цел во процесот на пријавување да не биде загрозена академската кариера на студентите.

Исто така, дел од одговорите повикуваа на креирање на специјализирано тело во рамките на УКИМ коешто ќе биде одговорно за решавање на случаите на сексуално вознемирување. Покрај потребата од сервис за правна помош, беше потенцирана и потребата од сервис за бесплатно психолошко советување во рамките на ова тело.

Други мерки кои студентите сметаат дека УКИМ треба да ги преземе за превенција од сексуално вознемирување се: едукативни работилници и семинари на тема сексуално вознемирување за студенти (10.6 %) и професори (7.7 %), како и континуиран надзор, инспекција и евалуација на работата на вработените (9.2 %)

# Перцепција и искуство кај професорите за сексуалното вознемирување

Покрај испитувањето на ставовите и перцепцијата на студентите, со цел увид во целата слика, потребно е да се земат предвид и ставовите на професорите, како перцепција од страна на лица кои се вработени на Универзитетот.

## Искуство со сексуално вознемирување на факултетот

При разгледување на одговорите на овие прашалници, повеќе од половината од професорите од примерокот (66.6 %) имале некакво искуство или биле сведоци на сексуално вознемирување на факултетот. Некои од нив споделија лични искуства или биле сведоци на истото.

Добар дел од одговорите се однесуваат на искуства на професорите за случаи на сексуално вознемирување во периодот на студирање, меѓутоа и на работното место, во текот на својата академска кариера.

Некои од професорите дури посочуваат на лични искуства како жртви на сексуално вознемирување.

Дел од професорите ги споделија своите лични искуства на оваа тема.

„Вознемирувањето беше вербално и немаше реперкусии на мојата кариера. На колегите кои се обидоа да ме вознемират им објаснив дека тоа за мене е неприфатливо и дека треба да покажат респект кон моето достоинство. Тие тоа го прифатија и се извинија.” – Испитаник 1

„Лично, само еднаш бев цел на физички напад од колега (двајцата бевме тукушто вработени). Се справив со него и никогаш повеќе не се обиде да направи нешто слично.“ – Испитаник 3

„Некои од постарите машки професори (сега во пензија) за време на мојот академски развој ми упатувале непристојни комплименти поврзани со мојот изглед – поточно сексапил – или давале непристојни коментари за други колешки. Сексуален напад имам искусено, но пружив отпор.“ – Испитаник 4

„Вербални досетки, најчесто сексистички, кои рутински се упатуваат кон девојки/ жени.“ – Испитаник 7

Одредени професори, пак, ги споделија со нас искуствата на други жртви на сексуално вознемирување на коишто тие биле сведоци.

„Студентката беше зависница. Еден ден дознавме дека во сабота ноќе со амбулантна кола била изнесена од факултетот. Приказната што ни ја сервираа била дека професорот ја викнал да реди пријави и индекси. Таа, наводно, таму била со дечкото и во еден миг се онесвестила и се удрила од прозорецот. Девојката ја изнесоа во бессознание, со расцепено чело, заради што мораше да оди во болница на шиење (со рана којашто е толку голема што сè уште е видлива). Како што ми рекоа, цел негов кабинет бил крвав од нејзината повреда. Никој не се запраша што правела таму во сабота ноќе, како тоа се удрила сама од прозорецот бидејќи се онесвестила, итн. Едноставно, сите ја обвинија неа, бидејќи, нели, беше зависница. Случајот комплетно се заборави.“ – Испитаник 8

Понатаму, скоро сите професори сметаат дека поголемата изложеност на сексуално вознемирување е поврзана со: годините, родот, сексуалната ориентација, позицијата на моќ, географското потекло, физичката или менталната попреченост и некоја форма на зависност. Според ова, професорите испитаници сметаат дека поголема предиспозиција за сексуално вознемирување имаат младите девојки (студентки), кои се: во подредена позиција во случајот, потекнуваат надвор од главниот град, имаат некаков вид на попреченост и/или се зависници.

Во однос на конкретната форма на ситуацијата на сексуално вознемирување и дали би опишале некоја разлика помеѓу сексуалното вознемирување кога биле студенти и сега како професори, скоро сите се согласни дека тоа се случува од машки колеги професори, од позиција на моќ, а жртви се колешки или студентки. Дел од испитаниците истакнуваат шема на професори кои биле под дејство на алкохол на работното место, што придонело за сексуално вознемирување врз студенти или колеги. Исто така, скоро сите препознаваат дека ситуацијата е прилично сменета од тоа кога тие биле студенти, за разлика од денес. Ова, според нив, се должи на зголемената свест на препознавањето на сексуалното вознемирување од страна на студентите.

Во однос на тоа каква била реакцијата на академската средина (раководство, студенти, професори, колеги) на примерите на сексуално вознемирување, сите професори кои одговориле на интервјуто сметаат дека нема пријавување и јавно истакнување на случаи на сексуално вознемирувања. Обично ситуациите се гледа да се изолираат и стишат. Ова, според професорите, се прави заради заштита на колегите меѓу себе.

За ова сведочат и нивните изјави:

„Колку што ми е познато, најчесто ваквите случувања остануваат во кулоарите на факултетот и, главно, се осудувани, но без конкретна акција, освен индивидуален советодавен ангажман на поединци за жртвите на насилство. Постоеја некои случаи на сексуално вознемирување

пријавени во Деканатот и, колку што ми е познато, сторителите биле повикани на разговор. Не сум запознаена дали се преземени друг тип мерки.“ – Испитаник 1

„Сексуалното вознемирување најчесто не се ни препознава, уште помалку се адресира, превенира или санкционира.” – Испитаник 7

„Насилниците не се осудувани, или се молчело за нив заради нивниот висок општествен статус како професори, а колективот молчел бидејќи не сакал да си ги расипе колегијалните односи. Понатаму, општеството сè уште ја осудува жртвата, па така било и кај нас, затоа секогаш се релативизирало во правец на тоа дека самата студентка ‘си го барала’ зашто не можела да положи, па пробала тоа да го направи преку нејзино сексуално нудење, што значи дека ‘сама си е крива’. Ваквиот штетен иназаден патријархален став сè уште е присутен генерално во општеството и тоа не само кај нас.” – Испитаник 8

„Вообичаено, колегите знаат за случај на сексуално вознемирување на колешки и студентки, но меѓусебно се штитат.” – Испитаник 9

## Пријавување на сексуално вознемирување на факултетот

Начелно, професорите не се запознаени со механизмите за: превенирање, пријавување и санкционирање на сексуалното вознемирување во академската средина. И покрај постоењето на Етичкиот кодекс при УКИМ, како и различните комисии за спроведување на истиот, овој документ, кој нуди некаков вид заштита, не е препознаен како доволно добар и ефективен механизам за справување со сексуалното вознемирување на УКИМ.

Дел од нив сметаат дека дури и да постојат овие механизми, тие не се доволно унапредени и не ги штитат жртвите ниту, пак, ги санкционираат сторителите.

## Справување со сексуалното вознемирување на УКИМ

Што е она што (не) го прави УКИМ за заштита на жртвите на сексуалното вознемирување? Професорите и на ова поле се со обединет став дека УКИМ не прави ништо за да ги заштити жртвите.

Мал број од испитаниците сметаат дека УКИМ располага со акти коишто ги содржат механизмите за пријавување и заштита од сексуално вознемирување. Поголемиот дел од професорите сметаат дека Универзитетот треба да располага со мерки коишто ја гарантираат безбедноста на студентите. Дел од нив сметаат дека треба да се воспостави тело при УКИМ каде што ќе може да се пријавува ваквиот тип на вознемирување и треба да се стекне доверба во ова тело.

Дел од професорите, исто така, истакнуваат дека е потребна поголема кампања за издигнување на свеста и да се работи на враќање на довербата во институциите.

# Добри практики

- Постоењето на: правичен, пристапен, доверлив и транспарентен механизам за пријавување на случаи на сексуално вознемирување е клучен при превенција и справување со сексуално вознемирување во академската средина. Како добри практики може да се споделат со Кодексите на однесување на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“, каде се предвидува и опција за анонимно пријавување на случај, како и телефонска линија за итни случаи.
- Универзитетот на Манчестер овозможува пријавување на сексуално вознемирување онлајн преку специјална веб страница[10] посветена на оваа тема преку алатка за анонимно пријавување или доверливо пријавување кај советник. Важно е овие советници или контакт-лица за пријавување на случаи на сексуално вознемирување да бидат единствена контакт-точка каде се поднесуваат сите формални извештаи и да бидат лоцирани надвор од раководната структура во институцијата.
- Во однос на едукацијата и издигнувањето на свеста, Иницијативата за интервенција на Универзитет на Западна Англија – Бристол[11], како и Канцеларијата за студенти[12], се само некои од добрите примери за креирање на онлајн ресурсни центри и материјали за дисеминација. Овие материјали подразбираат: прирачници за наставниот кадар и студентите, брошури и флаери за информирање за достапните сервиси, како и ресурси за унапредување на политиките за превенција од сексуално вознемирување и насилство.

[10] https://www.reportandsupport.manchester.ac.uk/

[11] http://law.exeter.ac.uk/research/interventioninitiative/

[12] https://www.officeforstudents.org.uk/

# Препораки

- Да се креира и усвои јасно дефиниран самостоен документ за политика на нулта толеранција на сексуално вознемирување и насилство на УКИМ. Во склоп на Етичкиот кодекс при УКИМ и членот 14 од истиот документ, се адресира проблемот на сексуално вознемирување, но постои недостаток од јасно и концизно дефинирање на сите форми на сексуално вознемирување и насилство. Дополнително, во овој документ треба да се воведат ефективни процедури за справување со жалбите за сексуално вознемирување, како и наметнување санкции за престапниците. Ваков самостоен формален и институционализиран документ за политики праќа јасна порака дека сексуалното вознемирување и насилство се неприфатливи во склоп на работата на единиците на УКИМ.
- Креирање на функционално и транспарентно тело како механизам за пријавување на сексуално вознемирување и заштита на жртвите од сексуално вознемирување. Примарната цел на ова тело треба да биде да им помогне на жртвите на сексуално вознемирување, што вклучува: обезбедување на поддршка и заштитни мерки за подносителот на жалбата, кризно советување, психолошко советување, итни медицински услуги, пара-правни совети, како и мерки за ублажување на влијанието на сексуалното вознемирување на подносителот на жалбата.
- Креирање на добро воспоставени програми за обука на вработените и студентите на УКИМ. Поттикнување на прашањето за спречување на сексуално вознемирување, препознавање на сексуалното вознемирување, неговите форми како и информирање за постојните механизми за превенција и заштита од сексуално вознемирување при УКИМ. Ова е важен предуслов за успешно спроведување на политиките на нулта толеранција за сексуално вознемирување. Вработените, студентите и трети лица се запознаени со нивната содржина.

## ЗА ИЗДАВАЧОТ

Фондација „Фридрих Еберт“
канцеларија Скопје
Бул. 8-ми Септември 2/2-5
1000 Скопје, Северна Македонија

Одговорно лице:
René Schlee | Директор
Тел.: +389 2 3093-181 / -182
**www.fes-skopje.org**
Контакт:
**contact@fes-skopje.org**

FRIEDRICH
EBERT
STIFTUNG


Ставовите изразени во оваа публикација нужно не ги отсликуваат ставовите на Фондацијата „Фридрих Еберт“. Се забранува комерцијално користење на сите изданија на Фондацијата „Фридрих Еберт“ (ФЕС) без претходна писмена согласност од ФЕС.


Координатор на програмата: Нита Старова

Истражувачки тим: Теодора Милеска
Анамарија Даневска
Ристо Савески
Деница Шошолчева
Горан Лефков
Александра Калабакова
Бојан Лазаревски

Ментори на
истражувачки тим: Проф.д-р. Марија Топузовска Латковиќ
М-р Нита Старова

Дизајн: Контура

Печати:

КОНТУРА
фабрика за дизајн, графички
проекти и печатење